Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO
DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 27.05.2020
01 933/4 1

**До:**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
Палата Панко Брашнаров, ул. „Македонија" бр.38
1000, Скопје

**Предмет:** Мислења и предлози по Нацрт–Правилник и Нацрт-Упатства

Почитувани,

Во оваа прилика сакаме уште еднаш да го изнесеме нашето мислење по однос измените на одредбите на ЗААВМУ од 16.02.2020 донесени по скратена постапка и објавени во Службен Весник на РСМ бр.42 од 16.02.2020 година, со кој беа вратени во правна сила контроверзните одредби од член 143 став 3 и 4 од овој закон и воедно да ги адресираме нашите мислења и предлози по Нацрт–Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси бр.01-5775/1 од 21.11.2014, како и за Нацрт упатство за начинот на регистрација и бришење на законски застапник на радиодифузер од друга држава во регистарот на законски застапници на радиодифузери од други држави кои се реемитуваат на територијата на РС Македонија и Нацрт упатство за постапката за утврдување на одговорноста за сторена повреда или прекршување при реемитување на програмски сервиси на радиодифузери од странска држава.

Сметаме дека извршените законски измени и воведувањето режим на посебни лични изјави кои ќе се даваат под материјална и кривична одговорност од страна на Операторите и одговорните лица на странските радиодифузери специфицирани во Нацрт–Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси, претставуваат ограничување во однос на реемитувањето на странски радиодифузери, што е во директна спротивност со општото правило на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги (DIRECTIVE 2010/13/EU - Audiovisual Media Services Directive and DIRECTIVE (EU) 2018/1808 amending Directive 2010/13/EU), дека владите на ЕУ не можат да го ограничат тоа што корисниците можат да го примаат како содржина или кои програмски пакети можат да ги реемитуваат странските радиодифузери во нивната земја - ако емитувањето е во согласност со Директивата на ЕУ за аудиовизуелни медиумски услуги во земјата каде што тие потекнуваат. Конкретно пречките кои се воведуваат со извршените измени во ЗААВМУ и предложените измени на овој правилник се спротивни на член 3 од Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги:

"Article 3
1. Member States shall ensure freedom of reception and shall not restrict retransmissions on their territory of audiovisual media services from other Member States for reasons which fall within the fields coordinated by this Directive."

Ваквите одредби ќе доведат до брзи и драстични негативни деловни последици врз Операторите поради деградацијата на разноличноста и квалитетот на медиумските содржини проследено со големо незадоволство кај претплатниците и губење на

атрактивноста на понудата на овие услуги на пазарот за комуникациски услуги. Тоа претставува нарушување на конкуренцијата на пазарот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во директна корист на домашните радиодифузери, што е спротивно со основната цел на Законот за заштита на конкуренцијата односно, обезбедување слободна конкуренција на домашниот пазар заради поттикнување на економска ефикасност и благосостојба на потрошувачите.

Во повеќе наврати во изминатиот период посочувавме дека измените на одредбите на ЗААВМУ се неуставни најмалку по два основи и тоа:

- воведување на кривична одговорност на страната на Операторите за дејствија или непостапување извршени од страна на трети лица т.е. радиодифузери кои не се под никаква оперативна или сопственичка контрола на Операторите претставува правен преседан кој е спротивен на основните принципи на правна сигурност и владеење на правото и досега е невиден механизам кој не постои во друга област како во рамките на Република Северна Македонија така и во ЕУ.
- содавање на нееднаква пазарна положба т.е. дискриминација на странските радиодифузери наспроти домашните радиодифузери и наметнување на двоен регулаторен режим на Операторите при постапувањето за ист тип на услуги.

Заради тоа што измените на одредбите на ЗААВМУ се неуставни ние како оператори пред Уставниот суд започнавме постапка за оценување на уставноста на споменатите одредби, за што очекуваме брза одлука од страна на Уставниот суд.

Заради претходно наведените аргументи и со цел намалување на ризикот на донесување на измени на правилникот кои ќе бидат неуставни и кои ќе бидат во директна спротивност европската Директива за аудиовизуелни медиумски услуги предлагаме Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да ја прекине јавната расправа по овој Нацрт-Правилник се до конечното изјаснување на Уставниот суд на Република Северна Македонија. Дополнително во меѓувреме предлагаме да се иницира постапка за измена ЗААВМУ заради усогласување со Европската регулатива од оваа област со цел да не претставува пречка во понатамошните преговори за полноправно членство во Европската унија.

Во секој случај во продолжение ви доставуваме конкретни мислења и предлози на објавените документи на оваа јавна расправа:

1. Во објавениот Нацрт правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси бр.01-5775/1 од 21.11.2014 година со член 1 се менува член 8 од постоечкиот правилник со кој се дефинираат потребните документи. Во него е наведено дека треба да се достават изјави дефинирани во прилог бр. 3 и прилог бр. 4. Но останува нејано дали овие изјави треба или не треба да бидат заверени на нотар како што пишува за изјавата од прилог бр. 2. Предлагаме да се додефинираат овие одредби дали се бара или не се бара нотарски заверена изјава.
2. Во објавениот прилог бр.2 од Нацрт правилникот во самиот наслов потребно е да се дефинира за каква изјава станува збор. Постоењето на повеќе изјави прави забуна и затоа сметаме дека изјавите треба подетално да се специфицирани. Исто така во самиот текст потребно е да се остави простор за да се внесе архивски број на

пријавата која е заведена во архивата на подносителот за да може да се идентификува на која пријава се однесува конкретната изјава.

3. Во прилог бр. 3 во изјавата стои дека одговорното лице на операторот изјавува дека се уредени ТВ правата за странскиот/те радиодифузер/и кој/и операторот планира да го/и реемитува на целиот свој програмски сервис за територијата на Република Северна Македонија. Ова внесува голема правна несигурност затоа што никаде во Законот нема дефиниција за ТВ права. Затоа останува нејасно за што се дава оваа изјава. Дали се однесува на управувачките права на телевизијата, правото на сопственост на телевизијата, авторските права на телевизијата или сосема нешто друго? Од друга страна одговорното лице на операторот нема управувачка контрола на радиодифузерот и нема право и не може да знае дали странскиот радиодифузер има регулирано такви таканаречени ТВ права. Затоа предлагаме целосно преработување на текстот на оваа изјава или целосно бришење на овој прилог бр.3 затоа што внесува дополнитена забуна и ризик во однос на работењето на пазарот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Ризикот овој прилог во ваква нејасна форма да остане дел од правилникот може да доведе до неможност за регистрација на програмски пакети од странски радиодифузери а со тоа до сериозно губење на медиумската разновидност, медиумскиот плурализам и правото на пристап до информации и слобода на изразувањето.
4. Во објавеното Нацрт упатство за начинот на регистрација и бришење на законски застапник на радиодифузер од друга држава во регистарот на законски застапници на радиодифузери од други држави кои се реемитуваат на територијата на РС Македонија во член 3 е дефинирано дека законски застапник на радиодифузер од странска држава кој се реемитува на територијата на Р.С. Македонија, може да биде запишано физичко лице. Не е јасно зошто со ова упатство се воведува ограничување законски застапник на радиодифузер од странска држава да не може да биде и правно лице. Со оглед дека вакво ограничување не е пропишано со законската регулатива предлагаме Нацрт упатството целосно да се преработи и да се овозможи на недескиминаторски начин законски застапник на радиодифузер од друга држава да може да биде и правни и физичко лице. Мора да напоменеме дека и во сегашниот регистар на законски застапници на радиодифузери има и правни и физички лица.
5. Во објавеното Нацрт упатство за постапката за утврдување на одговорноста за сторена повреда или прекршување при реемитување на програмски сервиси на радиодифузери од странска држава во член 2 е наведено: „Во случај кога постои сомневање дека не се уредени правата за било кој дел од програмскиот сервис на радиодифузерот од друга држава кој се реемитува во РС Македонија, Агенцијата ќе побара од операторот и/или од радиодифузерот да достави договор за уредени права на тој дел од програмскиот сервис склучен со имателот на правата.". Бидејќи не постои правен основ нити друга можност операторот да ги поседува договорите на радиодифузерот со кој ги уредува правата со имателот на тие права предлагаме замена на овој член со следната содржина: „Во случај кога постои сомневање дека не се уредени правата за било кој дел од програмскиот сервис на радиодифузерот од друга држава кој се реемитува во РС Македонија, Агенцијата ќе побара од радиодифузерот да достави договор за уредени права на тој дел од програмскиот сервис склучен со имателот на правата.
6. Во објавеното Нацрт упатство за постапката за утврдување на одговорноста за сторена повреда или прекршување при реемитување на програмски сервиси на радиодифузери од странска држава во член 3 е наведено: „Операторот и радиодифузерот се должни да ја достават бараната документација во архивата на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.", Заради тоа што не

Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Плоштад Пресвета Богородица бр.1, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија, ЕМБС: 7068310, Тел: +389 2 3100077, Факс: +389 2 3110077, e-mail: info@A1.mk

постои правен основ нити друга можност операторот да ги поседува договорите на радиодифузерот со кој ги уредува правата со имателот на тие права предлагаме замена на овој член со следната содржина: „Радиодифузерот е должен да ја достави бараната документација во архивата на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето."

Уште еднаш сакаме да ја потенцираме нашата загриженост за огромните негативни последици од овие одредби и измените во овој Нацрт-Правилник врз конкуренцијата на пазарот за аудиовизуелни медиумски услуги која ќе доведе до драстично намалување на програмските содржини кои се реемитуваат преку националните мрежи се до нивно целосно исклучување. Во крајна инстанца последиците ќе ги трпат нашите корисници - граѓаните со губење на медиумската разновидност, медиумскиот плурализам и правото на пристап до информации и слобода на изразувањето.

Со почит,

**А1 Македонија ДООЕЛ Скопје**

Извршен директор
Методија Мирчев п.п.

Раководител за правни и корпоративни прашања
Златко Стојчески п.п.

Проверил и одобрил:
Раководител на сектор за регулатива и големопродажба
Владимир Ристевски